Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 29.05.2020

На 28.05.2020 во 17.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ѓ.(18) и К.С.(30), двајцата од Скопје, поради тоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2020 во 16.40 часот на ул.„Св.Климент Охридски“ во Скопје, при преглед кај Р.А.(21) од Сингелиќ, скопско и Ф.А.(23) од с.Грушино, скопско, полициски службеници од СВР Скопје пронашле и одзеле по еден нож. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени пријави.

На 28.05.2020 во 18.00 часот полициски службеници од СВР Скопје во полициска станица го привеле З.П.(21) од Скопје затоа што при преглед кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена пријава.

На 28.05.2020 во 14.20 часот на бул.„Александар Македонски“ во Скопје, патничко возило „опел астра“ со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.З.(48) од Скопје, удрило во пешакот А.Б.(77) од Скопје. Притоа, пешакот починал на местото на настанот, а смрт констатирала екипа од итна медицинска помош. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 28.05.2020 во 22.30 часот на магистралниот пат Штип-Кочани се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф“ со кочански регистарски ознаки, управувано од И.З.(25) од с.Чешиново, кочанско и патничко возило „пежо 206“ со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од А.В.(30) од Злетово. По незгодата, сопатниците во возилото „пежо“, Х.В.(25) и две петгодишни деца биле пренесени во Клиничката болница Штип каде им била укажана лекарска помош и им биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Штип.

На 28.05.2020 околу 17.50 часот на железничкиот премин во с.Лознани, општина Могила, патнички воз кој сообраќал на релација Скопје - Битола удрил во патничко возило „киа клаус“ со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.А.(58) од Прилеп. Од ударот била причинета само материјална штета, а повредени лица нема, по што возачот на возилото веднаш го напуштил местото. Железничкиот сообраќај бил во прекин. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 28.05.2020 во 12.30 часот во Полициската станица Центар, Ф.М.(33) од Скопје пријавил дека на бул.„Кочо Рацин“ бил каснат од куче скитник.

На 28.05.2020 во 15.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.Т.(18) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски“ бил каснат од куче скитник.

На 29.05.2020 во 04.30 часот во с.Батинци,скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.М.(53) бидејќи, по издадена судска наредба, при извршен претрес во куќа во негова сопственост пронашле неколку ловни патрони непозната марка и калибар. По целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2020 во Полициската станица Кичево, В.М.(52) од Кичево пријавила дека на 24.05.2020 во подрумските простории во нејзиниот дом пронашла неексплодирана минофрлачка мина. Увид бил извршен во присуство на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување, а мината била подигната и предадена во Дирекцијата за натамошна постапка.

На 28.05.2020 околу 17.40 во СВР Куманово било пријавено дека во продавница на ул.„Гоце Делчев“, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу сопственикот В.К.(51) од Куманово и Д.Ц.(44) од с.Младо Нагоричане, кумановско, кој бил во алкохолизирана состојба. Според пријавеното, сведок на случувањето била вработената М.Ц. (39) од Куманово. Притоа, двајцата се здобиле со повреди и биле пренесени во Медицинскиот центар Куманово за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2020 во 16.42 часот во СВР Скопје, С.И. пријавила дека во стан на ул.„Јордан Мијалков“ во Скопје го пронашла починат Х.Н.(42) од СР.Германија. Од лекар била констатирана смрт без траги на насилство. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 28.05.2020 во 20.50 часот во Полициската станица Центар, Д.Ј. пријавил дека околу 16.30 часот на ул.„Кеј Димитар Влахов“ во Скопје едно лице со закана со нож му одзело пари и документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, Б.С.(51) од Скопје пријавил дека на 27.05.2020 околу 20.30 часот на ул.„Никола Русински“ во Скопје бил физички нападнат од едно лице кое му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2020 во 12.10 часот во Полициска станица Гази Баба, В.М.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„1646“ во населба Хиподром, Скопје, била касната од куче скитник.

На 28.05.2020 во 17.30 часот во Полициската станица Драчево, М.П.(50) од Скопје пријавил дека на влез на Полициска станица Драчево бил каснат од куче скитник.

На 28.05.2020 во 20.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект во с.Сарај, скопско, поради меѓусебно недоразбирање и нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу 16 и 17 годишни малолетници од с.Грчец, скопско, од една страна и Ј.Л.(35), Б.Л.(18) и 17 годишен малолетник, сите од с.Грчец и 17 годишен малолетник од с.Глумово, скопско, од друга страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 28.05.2020 во 11.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.Р.(65) од Скопје пријавил дека на 26.05.2020 околу 21.30 часот во семејниот дом на ул.„Антон Чехов, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од неговата ќерка М.Р.(31) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2020 во 02.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ж.Т.(42) од Скопје пријавила дека од домот на ул.„Социјалистичка Зора“ во Скопје се оддалечил нејзиниот син Д.Т.(16) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.05 2020 во Полициската станица Кичево, Д.С.(67) од Кичево пријавила дека на булевар „Ослободување“ во Кичево била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Н.Р.(24) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 05.09.2019 на ул.„Солунска глава“, во домот на пријавениот, полициски службеници извршиле претрес, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Џ.Д.(25) и С.Д.(31), двајцата од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба“ на дрва. На 17.04.2020 на место викано „канлиева воденица“, полициски службеници ги запреле пријавените со запрежна кола со која пренесувале огревни дабови дрва, претходно исечени и одземени без потребната документација од реонот на „градска река“, место викано „биволска река“.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.А.(25) од с.Слупчане, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање лажен исказ“. На 25.03.2019 пријавениот, со цел да се стекне со дупликат патна исправа, во ОУР Куманово поднел барање за издавање на нова патна исправа по основ на изгубена и во постапката за издавање доставил изјава во која тврди дека дека неговата патна исправа ја изгубил во 2019 година во Куманово. По извршени проверки од 13.04.2020 од Амбасада на РС Македонија во Будимпешта било добиено известување дека, претходно на 18.10.2019, пријавениот во Унгарија бил кривично процесуиран за фалсификување на документ каде му била запленета и предметната патна исправа.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.А.(59) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа“ и „употреба на исправа со невистинита содржина“, против правно лице поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа“ и против С.К.(49) од Гази Баба - Скопје поради постоење основи на сомнение за „злоупотреба на службена положба и овластување“. Првопријавениот, како управител во правното лице, откако извршил увоз и царинење на моторно возило „MAN“ од СР Германија на име на правното лице изготвил фалсификувана „потврда за исполнување на техничките барања“, односно дека наводно била издадена од овластен претставник во РС Македонија. Врз основа тоа била обезбедена потврда за сообразност, која ја издал третопријавениот, вработен во фирма овластена за таа проблематика, иако знаел дека возилото не ги исполнува техничките барања. По ова, првопријавениот ја употребил како вистинска пред Отсекот за управни работи во Куманово, по што било извршено регистрирање на моторното возило и биле издадени македонски регистарски ознаки и македонска сообраќајна дозвола.

СВР Штип, СВР Тетово, СВР Куманово, СВР Охрид, СВР Струмица и СВР Битола поднесоа 46 кривични пријави против И.Л.(42), В.Ж.(37), двајцата од с.Ветрен-Делчево, Б.И.(26) од Виница, Е.Д.(52) од Делчево, Д.М.(50), С.С.(25), Г.М.(25), тројцата од Свети Николе, Н.Џ.(46), Љ.Ш.(14), Г.Ш.(16), С.И.(47) Р.А.(47), Ш.И.(28), Л.Л.(25), Ф.С.(31), А.И.(63), П.С.(29), М.Ф.(27), сите 11 од Тетово и биле лишени од слобода, Б.Ј.(29) од Гостивар и бил лишен од слобода, С.Б.(41), Б.С.(36), Р.И.(35) Р.Б.(26), Т.Т.(38), Д.С.(39), сите шест од Куманово, И.Д.(47) од с.Лабуништа, Струга, Р.Ш.(20) од Струга, Ж.Ѓ.(56) од с.Ораовица – Радовиш, С.С.(47) од с.Злеово– Радовиш, И.Б.(34) од с.Василево – Струмица, М.П.(40) од с.Конче– Радовиш, А.А.(38) од с.Градец – Гостивар, А.И.(31) од с.Горна Бањица – Гостивар, З.И.(31), Л.Т.(50), И.С.(61), З.Д.(32), Ш.А.(34), Ј.Т.(32), сите шест од Битола, З.С.(60), Б.П.(43), двајцата од Крушево, Ќ.А. (65) од с.Батинци – Студеничани, С.П.(49) од Студеничани, Д.Ј.(71) од Кочани, А.М.(19) од с.Соколарци-Чешиново Облешево, Ч.Ф.(35) од с.Слупчане - Куманово, Ф.Р.(43) од Арачиново – Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет